ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 24-1261/2
Датум: 06.12.2021

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**М-р Бојан Маричиќ, министер**

„Димитрие Чуповски" бр.9,
1000 Скопје

**Предмет:** Барање за потврдување на јавен интерес на донација за Црвен крст на Република Северна Македонија за доделување на финансиска помош за повредените и семејствата на трагично загинатите наши сограѓани како последица од автобуската несреќа во Република Бугарија

Почитуван г. Маричиќ,

На иницијатива на Црвениот крст на Република Северна Македонија упатен е повик за изразување на солидарност и обезбедување на хуманитарна помош од страна на оваа хуманитарна организација во соработка со сите државни институции преку давање на донации за повредените и трагично загинатите и нивните семејства во сообраќајната несреќа со катастрофални последици по животот, која се случи во Република Бугарија на 23.11.2021 и во која животот го загубија 45 македонски државјани . За таа цел, Државниот завод за ревизија Ве известува дека изразуваме интерес за донирање на парични средства во вид на финансиска помош во висина од 100.000,00 денари заради поддршка на Црвениот крст на Република Северна Македонија во насока на остварување јавен интерес во областа на социо-хуманитарните дејности односно донација за повредените и трагично загинатите и нивните семејства во сообраќајната катастрофа.

За таа цел Државниот завод за ревизија бара да го разгледате ова Барање и да одлучите за потврда на јавен интерес за горенаведената донација цел со донесување на Решение за потврдување на јавниот интерес на планираната донација за Црвениот крст на Република Северна Македонија, согласно член 21 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15).

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

Во прилог на ова Барање Ви доставуваме Договор за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош за повредените и семејствата на настраданите во сообраќајната несреќа која се случи на автопатот „Струма“ во Република Бугарија на ден 23.11.2021 година, заверен во Државниот завод за ревизија под број 03-1261/1 од 29.11.2021 година, и заверен во Црвен крст на Република Северна Македонија број 0307-1109/1 од 2911.2021 година.

По добивањето на Решение за потврда на јавен интерес за горенаведената донација, Државниот завод за ревизија ќе донесеше Решение за исплата на парични средства по основ на горе наведениот Договор за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош за повредените и семејствата на настраданите во сообраќајната несреќа која се случи на автопатот „Струма“ во Република Бугарија на ден 23.11.2021 година.

Со Почит,

**Прилог**:

Договор за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош за повредените и семејствата на настраданите во сообраќајната несреќа која се случи на автопатот „Струма“ во Република Бугарија на ден 23.11.2021 година,

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**

Република Северна Македонија * ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА * ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT * Republika e Maqedonisë së Veriut * Shkup

**Изработил:** Ема Столеска

**Контролирал:** м-р Александар Поповски